ЗДРУЖЕНИЕ ЗА СПОРТ И РИБОЛОВ

“СОМЧЕ“

ПРИЛЕП

# ЗАБЕЛЕШКИ

На ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА – 2022 ГОД

**Член 5**

**(Поделба на риболовните води)**

Риболовните води се делат на риболовни подрачја.

Риболовните подрачја се делат на риболовни зони и рекреативни зони (ревири).

Риболовните подрачја ги определува министерот на предлог на научна институција, а риболовните зони и рекреативните зони (ревири) се определуваат во планот за управување и користење.

Листата на риболовни подрачја ја донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: министерот).

**Членот 5 да гласи: Риболовните води се делат на риболовни подрачја , риболовни зони, риболовни ревири и рекреативни зони.**

**Да има три риболовни подрачја: Охрид, Преспа и Дојран**

**Образложение: Да остане истата поделба на риболовните води како во предходниот закон.**

**Член 12**

**(надоместок)**

Висината на надоместокот од член 11 став 5 на овој закон е највисоката постигната вредност на електронската аукција определен во договорот за користење

Без оглед на остварените средства од продадените дозволи, надоместокот од член 11 став 5 на овој закон за рекреативен риболов кој треба да се уплати не може да изнесува помалку од 30.000,00 денари на годишно ниво.

**Ставот 2 да се измени во износот и да изнесува не помалку од 20.000,00 денари на годишно ниво.**

Образложение: Висок Износ

**Член 15**

**(Комисија за спроведување на постапка)**

Постапката за доделување на рибите и другите водни организми на користење ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за користење на рибите и другите водни организми (во натамошниот текст: Комисијата) формирана од министерот, а за заштитените подрачја правното лице кое управува со заштитеното подрачје.

Комисијата од став 1 на овој член се состои од претседател, заменик претседател и најмалку четири члена и нивни заменици од органите на државната управа од областа на: земјоделството, економијата, финансиите, животната средина.

**Ставот 2 се надополнува после зборот животна средина и Македонска Риболовна Федерација или поголемо здржение.**

**Образложение: Дополната е се со цел : огромна помош во разрешување на голем број на прашања и издржани предлози врзани со рекреативниот риболов во СРМ**

**Член 19**

**(Банкарски гаранции)**

Избраниот понудувач во рок од 14 дена од склучување на договорот за користење на рибите и другите водни организми за вршење комерцијален риболов доставува гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од една годишна рата за надомест за користење утврдена во договорот, а за организирање рекреативен риболов доставува гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 30.000,00 денари.

**Во став 4 , банкарската гаранција од 30.000,00 денари да биде 10.000,00 денари.**

**Образложение: Износот е многу висок.**

**Член 20**

**(Право на учество)**

Во постапката за доделување на користење на рибите и другите водни организми за вршење комерцијален риболов може да учествуваат домашни и странски правни лица регистрирани за дејност рибарство или општа клаузула за бизнис со регистрирана подружница за дејност рибарство, согласно Законот за трговските друштва и согласно Нациолналната класификација на дејности.

Доколку странско правно лице учествува во постапката за доделување на користење на рибите и другите водни организми мора да има регистрирано подружница со дејност рибарство, согласно Законот за трговските друштва.

Во постапката за доделување на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов покрај домашните правни лица од став 1 на овој член може да учествуваат и правни лица регистрирани согласно Законот за здружанија и фондации.

**Ставот 3 да се измени: Учество на тендерот да имаат право Здруженија и др. Правни лица кои ќе се регистрирани за дејноста туризам.**

**Образложение: Ова ќе придонесе збогатување на рибниот фонд, за конкретната вода која ќе ја посетуваат рекреативни риболовци – туристи и ќе биде многу привлечна како и зголемен рибен фонд со реален профит.**

**Член 25**

**(Електронска аукција)**

Електронската аукција се смета за завршена во моментот на истекот на времето определено во објавата,. Доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Во овој случај, електронската аукција ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда или во електронската аукција за рекреативен риболов додека не се достигне понуда од најмногу 100%.

**Во ставот 9 да се измени износот на понудените 100% на 50%**

**Образложение: Ако износот е над 50% од годишната дозвола концесионерот не ќе биде во ситуација да ги исполни целосните обврски кон договорот**.

**Член 36**

**(заштита)**

Корисниците на рибите и другите водни организми физичката заштита на рибите и другите водни организми во риболовните подрачја ја вршат со вработени лица кои поседуваат уверение за положен испит за рибочувар на кои им издаваат легитимација за рибочувар.

**Во став 1 покрај вработеното лице да има и ангажирани рибочувари волонтери со положен рибочуварски испит и ќе ги имаат истите овластувања како и вработениот**

**Образложеие: Со ова ќе се постигне поголема заштита на рибниот фонд со што ќе има зголемен број на ангажирани лица во заштитата.**

**Член 38**

**(Испит)**

Комисијата е составена од пет члена, од кои три члена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еден член од Државниот инспекторот за земјоделство и еден член од научна и/или образовна институција.

**Во ставот 3 и 4 во именуваниот текст од овие два става се надоплонува со 1 член од МРФ. Имено да бидат 2 од МЗШВ, 1 од ДИЗ, 1 од научна установа, 1 од МРФ.**

Образложение: Да има застапеност од сите релевантни институции

**Член 40**

**(Легитимација за рекреативен риболов)**

Ставот 4 да се измени и тоа:

- Во висина од 20% наменети за порибување
- Во висина од 20% наменети за риболовна контрола
- Во висина од 60% наменети за програмските активности на годишни ниво на МРФ

**Обрзложение: Со новиот закон се зголемени активностите и обврските на МРФ со што ќе се трошат поголеми проценти не само за издавање на легитимацијата туку и требувањето на годишните дозволи за сите концесионери и за што се потрбни 2 лица вработени.**

**Член 41**

**(Дозвола за рекреативен риболов)**

Рекреативен риболов се врши со дозвола за рекреативен риболов.

Дозволата за рекреативен риболов може да биде:

- државна - годишна за сите рекреативни зони (ревири) во Република Северна Македонија, со исклучок на атрактивните зони;

**Се дополнува: Дозволата за рекреативен риболов да важи за сите рекреативни зони и ревири како и на риболовните води каде нема концесија**

**Да се брише од ставот 2 алинеа 3 годишна за атрактивна зона и за нејзе да се издава само дневна дозвола**

**Член 43**

**(издавање на државна дозвола)**

Средствата остварени како надоместок за издавање на државната дозвола, се врши на следниов начин:

- 70% во Буџетот на Република Северна Македонија и
- 30% на сметка на Корисниците на рибите и другите водни организми за рекреативен риболов на територијата на општината каде што живее сопственикот на дозволата.
-

**Во став 3 предлагаме да остане дадениот предлог од 70% и 30 % со препорака да 3% од годишната дозвола им се исплаќа на најпосетените рекреативни зони од страна на риболовците. Износот од 3% да се биде обврзувачки од страна на издавачот на годишната државна дозвола по константираните евиденски листи на месечно ниво.**

**Образложение: надоместокот од 3% да биде наменет за концесионерите каде рекреативните риболовци се најприсутни на риболовната вода во текот на еден тековен месец и исплатата да се врши по основ на издадените евиденции за уловена риба.**

**Член 94**

**(Опомена)**

За прекршоците предвидени во член 98 и член 100 став 1 точка 1 и 2 од овој закон инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

**Став 1 да се брише решение за изрекување на опомена.**

**Образложение: Опомената негативно влијае на развојот на рибокрадството и истото да се повторува.**

## XIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**(Глоба)**

**Член 95**

Забраната од ставот 4 на овој член може да се замени со паричен надоместок само доколку прекршокот е сторен за првпат.

**Казните пропишани во овој член дупло да се зглолемат**

**Образложение: Казните се многу ниски и го поттикнуваат рибокрадството.**

Веруваме дека овие наши предлози ќе бидат земени во предвид и вметнати во новиот Закон за рибарство и аквакултура.

Бистро.